РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Посветеноста на квалитетот е стратешка определба на Царинската управа на Република Македонија и за нејзино остварување е воспоставена визија да стане и остане најдобар сервис на граѓаните, економските оператори и државата, согласно домашни и меѓународно признати најдобри практики во својата надлежност.

Раководството на Царинската управа на Република Македонија се обврзува на добра професионална пракса и квалтитено давање на услуги преку примена на барањата на стандардот ISO 9001:2008 и дефинирање на Политиката за квалитет која се заснова на следиве цели:

- Заштита на финансиските интереси на Република Македонија
- Олеснување на меѓународната трговија со понатамошна модернизацијата на царинското работење и поедноставувањето на царинските постапки
- Имплементацијата на стандардите и организацијата на најдобрите практики во Европската Унија се и ќе останат приоритетна цел на раководството
- Унапредување на регионалната и меѓународната соработка во функција на ефикасно извршување на најсложените задачи во спречувањето на девијантните појави од страна на поединци и организации
- Унапредување на воспоставениот електронски систем за управување со работни процеси и документи
- Унапредување на институционалниот и административниот капацитет преку инвестирање во вработените по пат на обуки и стручно усовршување
- Целосна посветеност на сите вработени во исполнувањето на поставените цели на транспарентен, непристрасен и професионален начин на работа
- Поставување на професионални кадри со интегритет чие однесување е согласно на етичките принципи
- Континуиран развој на системи од областа на информатичките и комуникациските технологии
- Негување на транспарентноста во работењето преку унапредување на достапноста на информациите за сите заинтересирани субјекти

02-054388/12-0001
Скопје, 01.10.2012

Директор,
Ванчо Каргов